и на учеството на македонскиот народ на страната на демократските и прогресивните сили во Бугарија и Грција, и за извојување на национална слобода и рамноправност на Македонците во соодветните земји. Тоа се рефератите на: д-р Иван Катарџиев, Местото на комунистичкото движење во Пиринска Македонија во борбата против фашизмот и во борбата за афирмација на македонскиот национален индивидуалитет; Вангел Ајановски, Комунистичката партија на Македонија — борец и организатор на националните интереси на македонскиот народ; Лазар Поплазаров, КПМ и Народноослободителната борба на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија; Ристо Кирјазовски, Организирањето на комунистите во Егејска Македонија; Наум Пејов, Облиците на соработка меѓу НОБ на Југославија и на Грција — значаен фактор за развојот на отпорот во Егејска Македонија во текот на Народноослободителните борби на Балканот.

На крајот беше поднесено и едно експозе на рефератот посветен на активноста на КПМ во повоениот период од м-р Лазар Лазаров, Организациониот развој и состав на партиската организација (КПМ) во периодот на социјалистичката изградба на НР Македонија до 1954 година.

Во дискусијата што се водеше по ислушаните експозеа на рефератите и во трите дена, учествуваа околу 30 дискутанти. Во нивните дискусии и полемики се покренаа многу интересни прашања и се разјаснија извесни моменти поврзани со организационата поставеност и сестраната активност на Партијата во Македонија од 1919—1945 година.

На крајот од Научниот собир претседателот на организациониот одбор Љупчо Арсов предложи да се испрати поздравно писмо од Научниот собир до Јосип Броз Тито. Воедно Љупчо Арсов во завршниот збор со кој го затвори Собирот, истакна дека работата на Собирот беше успешна, а поднесените реферати и дискусии ќе бидат од голема корист и ќе придонесат многу за пишувањето на Историјата на СКМ. Во исто време овој Собир ќе даде поттик и за организирање на други слични собири на кои ќе се третираат определени периоди, прашања, настани и сл. од историјата на работничкото движење во Македонија. Тој ја истакна потребата приложените реферати и дискусии да се објават во посебен зборник.

Даринка ПАЧЕМСКА

## СЕДМИ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СИМПОЗИУМ ЗА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

**(Аранѓеловац, 29—31. VII 1979)**

Барањето на такви форми коишто ќе овозможат историската наука да им стане попристапна на учениците е стара онол-

ку колку што е стар системот на образованието. Учителите, наставниците, професорите и сите ангажирани околу изведувањето на наставата по историја отсекогаш барале начини како да се доближи историското минато до младиот воспримач.

Кај нас проблемот за методите и формите како да се доближи историската наука до учениците сè повеќе и сè посериозно се разгледува. Оттука и потребата од почести средби на историчарите на Југославија, се покажа како многу актуелна. Мошне се интересни и корисни собирите на кои се третира историската проблематика и тоа почнувајќи од оние на кои учествуваат специјалисти само од едно место, па до оние на кои учествуваат специјалисти од сите краишта на нашата земја. Таму се изнесуваат прилози од научни работници, работници од практиката и стручни работници — сè со желба да се усоврши системот на образованието, а разработката на историската содржина да биде попристапна.

На 29, 30 и 31 август 1979 година во Аранѓеловац се одржа Седмиот југословенски симпозиум за наставата по историја. Организатор на симпозиумот беше Сојузот на историските друштва на Југославија — Постојаната комисија за наставата по историја. Покровител на Симпозиумот беше СЗБНОБ на Југославија, а домаќин овој пат беше Друштвото на историчарите на СР Србија.

Постојаната комисија за наставата по историја, чиј претседател беше проф. д-р И. Воје, навреме ја беше изработила програмата и беше обезбедила доволен број прилози од сите републики и автономни покраини. Симпозиумот работеше во пленум, а на вториот ден од работата на симпозиумот работеше меѓукатедарската комисија за проблемите на наставата по историја на универзитетите. Попладнето од вториот ден беше организиран излет до Топола и Крагуевац.

Симпозиумот ја започна работата со поздрави од домаќините, кои му пожелаа плодна работа. Симпозиумот потоа го поздрави и потпретседателот на СЗБНОБ на Југославија Мито Димитриевски. Од името на покровителот тој со избрани зборови ја истакна врската меѓу членовите на Сојузот на историските друштва на Југославија и Сојузот на здруженијата на борците на Југославија. Притоа го нагласи задоволството од досегашната соработка, но апелира до историчарите да ги продлабочат врските со борците, особено да соработуваат во издавањето на мемоарската литература, бидејќи таа може да послужи во расветлувањето на многу историски настани од нашето блиско револуционерно минато.

И претседателот на Сојузот на борците од НОБ на Аранѓеловац им пожела на учесниците на Симпозиумот успешна работа изнесувајќи кратки податоци за историското и револуционерното минато на Аранѓеловац и Аранѓеловачкиот крај. Притоа ги покани учесниците да ги посетат историските и културните споменици на овој убав шумадиски крај.

Симпозиумот, по поздравните говори, ја продолжи работата со уводното предавање посветено на шеесетгодишнината од КПЈ (СКЈ) и СКОЈ. Д-р Славољуб Цветковиќ направи хронолошки (пообширен) преглед на историјата на Партијата од обединувањето во 1919 година па сè до Втората светска војна. Од периодот на НОБ и НР до денес за развитокот на СКЈ зборуваше д-р Викентие Ѓорѓевиќ. Пак со иста цел и со ист пристап.

Симпозиумот ја продолжи работата со информациите на Хрвое Матковиќ (Загреб) за положбата и местото на историјата во новиот наставен план и програма за училиштата во СР Хрватска и на м-р Милутин Перовиќ (Белград) за местото на историјата во втората фаза на средното насочено образование во СР Србија. Од излагањата на д-р Матковиќ и м-р Перовиќ, како и од дискусијата што потоа се разви, учесниците на Симпозиумот се здобија со впечатоци за настојувањата на одделни наши републики и автономни покраини да се изнајдат што поправилни решенија за вклопувањето на наставата по историја во средното насочено образование. Оттука и големиот интерес и опстојна и конструктивна дискусија на присутните.

Како што е познато, во нашата земја се прават напори да се усогласат барањата, потребите и интересите на нашите народи и народности за создавање единствен училиштен систем, кој треба да овозможи учениците од целата наша земја да добијат еднакво образование. Досегашното искуство во нашиот средношколски систем покажа дека наставните планови и програми не се еднакви, па според тоа и учениците не добиваа еднакво образование. Оттука и продолжувањето на школувањето на некои ученици од една република во друга беше отежнато. И токму поради различните наставни програми се пријде кон создавање на единствен план и програма, со мали сообразувања со специфичностите на одделните републики и автономни покраини. А кога се работи врз нов наставен план и програма, тогаш тој треба да се насочи и кон потребите на насоченото образование. Токму поради тие барања на новото средношколско образование излагањата беа следени со голем интерес, а потоа се разви мошне жива и конструктивна дискусија. Ние не сме во состојба да ги изнесеме сите идеи и предлози, зашто тоа не ни е ни задача, само ќе кажеме дека сите дискутанти се застапуваа за реформирано средно образование, но такво коешто ќе оформува вистински работник, самоуправувач, кој може веднаш по средното насочено образование да се вклучи во производството. Притоа сите дискутанти го истакнуваа особено значајното место што го има историјата во образованието и воспитанието на младиот човек. Да кажеме и тоа дека никој не беше против тоа да се формира такво средно образование, меѓутоа беше правилно оценето местото и улогата што го има Гимназијата како образовна и воспитна институција и која како таква не треба да се потценува.

Попладневната работа започна со излагањето на д-р Лазар Ракиќ (Нови Сад) за можностите на користење на романот и приказните од НОБ и за НОБ во наставата по историја, а потоа кореферат на тема Обработка на наставната единица со користење на роман и приказни поднесе Петар Пекариќ од Темерин.

Немајќи можност, поради ограничениот простор, да се задржиме на сите реферати и кореферати, ќе ги наброиме сите, а ќе се осврнеме само на оние што беа презентирани од учесници од СР Македонија.

Саво Андриќ (Белград) поднесе реферат на тема: Можности за користење на уметничката поезија од НОБ во наставата по историја, а Лилјана Шапер (Белград) кореферат на тема: Обработка на наставната единица со користење на уметничката поезија од НОБ.

Сликарските дела за НОБ и од НОБ и можностите за користење во наставата по историја беше тема на рефератот што го поднесе Миралем Арсланагиќ (Сараево), а рефератот: Можности за користење на народната поезија од НОБ поднесе Миливое Родиќ (Сараево). Реферат за уметничкиот филм за НОБ и можностите за користење во наставата по историја поднесе Штефан Трајар (Љубљана), а корефератот на тема Обработка на наставна единица со користење на наставниот филм поднесе Марија Кременшек (Љубљана).

Рефератот на д-р Војо Кушевски (Скопје) Скулпторските дела и споменици за НОБ и можностите за користење во наставата по историја беше еден од позабележаните на Симпозиумот. Иако се работеше веќе трет ден, вниманието на присутните не беше намалено. Придонес за тоа даде и самиот автор којшто се потруди својот реферат да го поткрепи со голем број слајдови на споменици изградени низ целата наша земја. Притоа рефератот даваше и кратки податоци за авторите на спомениците од НОБ. Секако рефератот со проекциите ќи имаше уште поголема корист доколку не беше ограничено времето.

Корефератот од Владо Шарковски (Скопје) на тема Обработка на наставна единица со користење на скулпторски дела за НОБ беше добро примен од присутните на симпозиумот. За обработка беше земен споменикот на паднатите борци од НОБ што се наоѓа во близината на зградата на ЦК на СКМ во Скопје. И покрај тоа што за овој споменик не можеше да најде побогата литература, сепак многу успешно ја предаде методската единица којашто претходно ја има обработено со своите ученици. На успешно конструираните прашања кои поттикнуваа кон размислување, добиваше правилни и логични одговори од учениците.

На крајот од работата на Седмиот југословенски симпозиум за наставата по историја беше поднесен извештај за работата на меѓукатедарското советување и беше договорено организатори на Осмиот Југословенски симпозиум за наставата по исто-

18*

рија да бидат историчарите од АП Косово.

Меѓукатедарското советување работеше по овој дневен ред: 1. Влијанието на наставните програми по историја во средното насочено образование врз содржините на универзитетската настава (референт д-р Бого Графенауер, Љубљана). 2. Дискусија. 3. Проблеми на методиката за наставата по историја на филозофските факултети во нашата земја (д-р Лазар Ракиќ, Нови Сад). 4. Дискусија. 5. Разгледување на прашањата: Односот на југословенската и националната историја во наставните програми; За перманентното образование; За дополнителните студии; За меѓународната соработка и др.

По опстојната дискусија се изградија следниве ставови: при донесувањето на новите наставни програми треба да се види кои содржини не им се познати на наставниците па за нив да се организираат семинари; да се направи преглед (анализа) во наставните програми по историја на филозофските факултети за застапеноста на светската, југословенската и националната историја; Посебно е значајно прашањето за поделба на катедрите на две насоки: научна и наставна, но заклучок по ова прашање не е донесен.

На крајот од работата на комисијата се донесе заклучок Југословенската комисија за наставата по историја да се прошири со сите професори што предаваат методика по предметот историја од филозофските факултети во СФРЈ. За да може да се пренесува искуството, пожелно е контактите да бидат почести, а Комисијата да одржува редовно свои состаноци.

Домаќините — Друштвото на историчарите на Србија за учесниците на симпозиумот организира и посета на неколку историски места во Шумадија. Беа посетени Топола, Опленац и Шумарице, каде што се погубени преку 7.000 ученици и граѓани од Крагуевац. Учесниците на Симпозиумот положија свежи цвеќиња на гробовите од погубените ученици и граѓани.

Седмиот југословенски симпозиум за наставата по историја успешно ја заврши работата. На Симпозиумот учествуваа и поголем број историчари (триесетина) од нашата Република. Контактите со колегите од другите краишта на нашата земја се извонредно корисни, бидејќи се разменуваат мислења и искуства, било на работните состаноци или надвор од нив.

Љубица СТАМАТОСКА